# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

29 август 2014 | Излегува по потреба | Година IX | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА "ГАЗИ БАБА" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2014 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за првата половина од 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/1**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12 и 41/14), член 36 став (1) точка 13 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за првата половина од 2014 година, бр.08-2952/1 од 21.07.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА "ГАЗИ БАБА" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2014 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за првата половина од 2014 година, бр.08-2952/1 од 21.07.2014 година.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - Полициска станица од општа надлежност "Гази Баба" - Скопје и Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/3**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/2**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба, на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Се поништува Одлуката за изменување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, бр.07-2757/5 од 10.07.2014 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/14), донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 10.07.2014 година.

**Член 2**

Се задолжуваат секторот за правни и општи работи, при изготвување на Одлука за изменување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, да ги земе во предвид укажувањата од Агенцијата за администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/4**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/3**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 57 став (4) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, бр.07-1891/6 од 29.06.2012 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/12), се вршат следните измени:

Во делот на "**II ВИДОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**"

Во член 10 став (1) точка 1, сектор за поддршка на Градоначалникот, потточка (б) запирката се заменува со точка, а потточката (в) "Одделение за информатичко - технички работи" **СЕ БРИШ**Е,

Во член 10 став (1) точка 8 **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ**:

"8. Сектор за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, во чиј состав се:

а) Одделение за стратешко планирање и развој;
б) Одделение за локална економија и инвестиции; и
в) Одделение за информациско - комуникациски развој".

### Член 2

Во делот на "**II ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ"**, се вршат следните измени:

Во член 11 став (2), зборовите:

"се грижи за организацијата и пласирањето на информации и веб-страната на општината; одржување и надополнување на компјутерско комуникациска инфраструктура, хардверски и софтверски подсистем, изработка на бази на податоци за потребита на општината; учествува во изготвувањето на годишната програма за уредување на градежното земјиште; ги следи меѓународните искуства на полето на примената на новите технологии и модернизацијата на локалната самоуправа; предлага и реализира стратегија за воведување информациски технологии во Општинската администрација; предлага и реализира стратегија за воведување на географски информационен систем на општината; учествува во планирањето, управувањето и реализацијата на меѓународни проекти во областа на географските информациони системи; врши организирање, имплементирање и одржување на информатичката и комуникациска инфраструктура на општината" **СЕ БРИШАТ**.

"Член 14" **СЕ БРИШЕ,**

членовите "15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53 и 54"

станувaат членови "14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52 и 53".

Член 39 кој станува член 38, **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ**:

"Секторот за локален економски развој и информациско - комуникациски развој, ги врши следните работи:

Изготвува анализи за дефинирање на развојните приоритети на општината; подготвува стратешки и развојни документи од сите сфери на надлежност на општината; подготвува акциони планови со програми и проекти за сите стратешки и развојни стратегии на општината; води сметка за усогласување на стратешките документи на општината со регионалните и националните стратегии, правила и регулативи за развој, соработува и ги вклучува сите чинители во општината во подготовката на стратешките документи. Подготовка на бази на податоци за потребите на стратешкото планирање и развој; води сметка за балансирање на потребите на економскиот развој во општината со потребите во животната средина и општествените потреби; работи на градење на економските капацитети на локалната економија за унапредување на нејзината економска иднина и квалитет за живот на сите нејзини чинители; ги вклучува јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор во креирањето на подобри услови за економски развој и генерирање на вработеност, унапредување на конкурентноста, подобрување на инвестиционата клима во општината и зголемување на одржливиот развој; спроведува активности кои се однесуваат на: обезбедување на инвестициона клима функционална за локалните бизниси, подршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото, го помага и охрабрува формирањето на нови претпријатија, привлекување на домашни и странски инвеститори, инвестирање во физичката (тешка) инфраструктура; инвестирање во меката инфраструктура (образовен и професионален развој на работната сила, системи за институционална подршка и регулаторни прашања), подршка на растежот на одделни бизнис кластери, таргетирање на одделни делови од општината за регенерирање или растеж (територијално базирани иницијативи), подршка на неформални и новорастечки бизниси, таргетирање на одделни групи со посебни потреби. ги следи меѓународните искуства на полето на примената на новите технологии и модернизацијата на локалната самоуправа; предлага и реализира стратегија за воведување информациско - комуникациски технологии во општинската администрација; предлага и реализира стратегија за безбедност на информациите во информациско - комуникацискиот систем на општината; го планира, развива, проектира и реализира информациско - комуникацискиот систем на општината; ја планира, развива и проектира информациско - комуникациската инфраструктура на општината; во соработка со секторот за локален економски развој и информациско - комуникациски развој и Советот на општината планира, организира и реализира обука за вработените во општинската администрација за примена на информациско - комуникациската технологија; во соработка со надлежниот сектор во рамки на општинската администрација, иницира проекти што ќе се предложат за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и го организира учеството на општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областите на информациското општество и е-управа; обезбедува проектен менаџмент за информациски и е-управа проекти (дефинирање, планирање, учество во имплементацијата и евалуација); предлага и реализира стратегија за воведување на географски информационен систем на општината; учествува во планирањето, управувањето и реализацијата на меѓународни проекти во областа на географските информациони системи; врши организирање, имплементирање и одржување на информациската и комуникациска инфраструктура на општината; врши системско администрирање на информациската и комуникациска инфраструктура на општината; обезбедува сигурност и заштита на податоците, информациите и документите во информациско - комуникацискиот систем на општината; го дефинира и обезбедува овластеното користење на информациско - комуникацискиот систем на општината; води база на податоци за информациско - комуникациската опрема, лиценци, гаранции и сервисирање; обезбедува администрација и техничка поддршка и одржување на порталот и останатите веб страници на општината; врши и други работи што ќе му бидат доверени ".

По член 41 кој станува член 40, се додава нов член 40-а кој гласи:

**"Член 40-а**

Одделението за информациско-комуникациски развој, ги врши следните работи:

Ги следи меѓународните искуства на полето на примената на новите технологии и модернизацијата на локалната самоуправа; предлага и реализира стратегија за воведување информациско-комуникациски технологии во општинската администрација; предлага и реализира стратегија за безбедност на информациите во информациско - комуникацискиот систем на општината; го планира, развива, проектира и реализира информациско-комуникацискиот систем на општината; ја планира, развива и проектира информациско-комуникациската инфраструктура на општината; во соработка со секторот за локален економски развој и информациско - комуникациски развој и Советот на општината планира, организира и реализира обука за вработените во општинската администрација за примена на информациско - комуникациската технологија; во соработка со надлежниот сектор во рамки на општинската администрација, иницира проекти што ќе се предложат за поддршка од меѓународни и странски донатори и субјекти и го организира учеството на општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти во областите на информацискoто општество и е-управа; обезбедува проектен менаџмент за информациски и е-управа проекти (дефинирање, планирање, учество во имплементацијата и евалуација); предлага и реализира стратегија за воведување на географски информационен систем на општината; учествува во планирањето, управувањето и реализацијата на меѓународни проекти во областа на географските информациони системи; врши организирање, имплементирање и одржување на информациската и комуникациска инфраструктура на општината; врши системско администрирање на информациската и комуникациска инфраструктура на општината; обезбедува сигурност и заштита на податоците, информациите и документите во информациско-комуникацискиот систем на општината; го дефинира и обезбедува овластеното користење на информациско-комуникацискиот систем на општината; води база на податоци за информациско - комуникациската опрема, лиценци, гаранции и сервисирање; обезбедува администрација и техничка поддршка и одржување на порталот и останатите веб страници на општината; врши и други работи што ќе му бидат доверени".

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе се применува по предходно добиена писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Број 07-3147/5**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/4**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 15 став (1) точка 4 и член 52 став (1) алинеја 3 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04 и 158/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба, на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба, во соработка со Град Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје, согласно Инвестиционата програма на ЈП "Комунална хигиена" - Скопје, за 2014 година.

### Член 2

Општина Гази Баба ќе обезбеди финансиски средства за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, во висина од 2.200.000,00 денари (двамилионадвестеилјади) денари, од Буџетот на Општина Гази Баба за 2014 година, предвидени во Ф.А - Потпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), ставка 482 - изградба и реконструкција на други објекти.

### Член 3

Се задолжува секторот за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност, да обезбеди 3 (три) микролокации со подлога за подземна инфраструктура за поставување на подземните контејнери на подрачјето на општината и да ги достави до ЈП "Комунална хигиена" - Скопје.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба по спроведување на целокупната постапка, да склучи договор за соработка со Град Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје, заради реализација на проектот за поставување на систем на подземни контејнери за собирање на комунален отпад, на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/6**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2014 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/5**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2014 ГОДИНА

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2014 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/7**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Цршево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје – Општина Гази Баба**



## I – ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-јуни 2014 година, се остварени во вкупен износ од **331.482.787,00** денари или **34,49%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2014 година, во износ од **961.060.000,00** денари, кои се за **19,20%** поголеми во однос на истиот период во 2013 година. Планираните приходи во Буџетот за 2014 година, остварените приходи за периодот јануари-јуни 2014 година и реализираните приходи за периодот јануари-јуни 2013 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2014 година | II - Кватрал 2013 година | II - Кватрал 2014 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНИЧНИ ПРИХОДИ | 253.890.000 | 56.536.996 | 81.554.744 | 32,12% | 144,25% |
| | 72 | НЕДАНИЧНИ ПРИХОДИ | 7.480.000 | 2.022.089 | 1.335.463 | 17,85% | 66,04% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 162.180.000 | 27.653.777 | 21.869.964 | 13,48% | 79,08% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 49.550.000 | 15.113.321 | 25.536.176 | 51,54% | 168,96% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 473.100.000 | 101.326.183 | 130.296.347 | 27,54% | 128,59% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 351.000.000 | 157.699.310 | 164.724.500 | 46,93% | 104,45% |
| 3 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 4.360.000 | 1.010.241 | 353.376 | 8,10% | 34,98% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 62.000.000 | 18.046.193 | 16.517.018 | 26,64% | 91,53% |
| 5 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 70.600.000 | 0 | 19.591.546 | 27,75% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 961.060.000 | 278.081.927 | 331.482.787 | 34,49% | 119,20% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **130.296.347,00** денари, или **27,54%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2014 година, кои изнесуваат 473.100.000,00 денари и се за 28,59% повисоки во однос на истиот период во 2013 година.

Кај **Приходи од донации** имаме остварување од 353.376,00 денари или 8,10% во однос на планот кој изнесува 4.360.000,00 денари.

**Приходите од блок дотациите,** од кои се финансираат основните училишта и детските градинки на територија на Општината, се остварени во износ од **164.724.500,00** денари, или **46,93%** во однос на планираните во Буџетот за 2014 година, кои изнесуваат **351.000.000,00** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **16.517.018,00** денари или **26,64%** во однос на планираните во Буџетот за 2014 година кои изнесуваат 62.000.000,00 денари и

Кај **Приливите од кредити,** бележиме остварување во првиот квартал за 2014 година реализација од 19.591.546,00 денари односно 27,75% во однос на планираните 70.600.000,00 денари.

Споредено со истиот периодот јануари-јуни 2013 година, кај **вкупните приходи** се бележи поголемо остварување од **19,20%,** од кои :

- Приходите на Основниот буџет бележат зголемување од **28,59%**,
- Приходите од блок дотациите за финансирање на основните училишта и детските градинки бележат зголемување од **4,45%**,
- Приходите од донации бележат намалување од **65,02%**, и
- Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки бележат намалување од **8,47%**

– Прилив од кредити е со индекс **0%**, бидејќи во текот на првиот квартал од 2013 година немаме користење на средствата од кредитот.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-јуни 2014 година, и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2014 година, класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Извор: Општина Гази Баба




Извор: Општина Гази Баба




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-јуни 2014 година, година по ставки и подставки, и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2014 година, и со остварените приходи за истиот период во 2013 година, е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2014 година | II- Кватрал 2013 година | II - Кватрал 2014 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 961.060.000 | 278.081.927 | 331.482.787 | 34,49% | 119,20% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 473.100.000 | 101.326.183 | 130.296.347 | 27,54% | 128,59% |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 253.890.000 | 56.536.996 | 81.554.744 | 32,12% | 144,25% |
| 1 | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 13.710.000 | 5.784.343 | 6.098.718 | 44,48% | 105,43% |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 3.600.000 | 1.455.084 | 1.477.918 | 41,05% | 101,57% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 9.200.000 | 3.990.695 | 4.283.318 | 46,56% | 107,33% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 100.000 | 32.118 | 30.152 | 30,15% | 93,88% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 600.000 | 243.408 | 242.250 | 40,38% | 99,52% |
| | 711139 | Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 200.000 | 62.898 | 64.913 | 32,46% | 103,20% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | 140 | 167 | 1,67% | 119,29% |
| 2 | 713 | Даноци на имот | 60.200.000 | 21.628.492 | 36.326.657 | 60,34% | 167,96% |
| | 713111 | Данок на имот | 13.500.000 | 6.562.277 | 6.843.507 | 50,69% | 104,29% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 15.000.000 | 5.712.184 | 8.881.139 | 59,21% | 155,48% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 5.200.000 | 1.072.006 | 1.177.345 | 22,64% | 109,83% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 15.000.000 | 5.392.993 | 12.890.061 | 85,93% | 239,01% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 11.000.000 | 2.768.196 | 6.497.104 | 59,06% | 234,71% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | 500.000 | 120.836 | 37.501 | 7,50% | 31,03% |
| 3 | 717 | Даноци на специфични услуги | 179.780.000 | 29.113.316 | 38.828.746 | 21,60% | 133,37% |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 4.878.432 | 5.033.145 | 50,33% | 103,17% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возилата | 3.380.000 | 1.290.446 | 1.724016 | 51,01% | 133,60% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 43.500.000 | 16.537.021 | 16.322.330 | 37,52% | 98,70% |
| | 717129 | Др.комунални такси(витрини,музика и сл.) | 100.000 | 92.004 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 800.000 | 0 | 41.298 | 5,16% | 0,00% |

3

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 122.000.000 | 6.315.413 | 15.705.118 | 12,87% | 248,68% |
| | 717140 | Камата за ненавремено плакање | 0 | 0 | 2.839 | 0,00% | 0,00% |
| 4 | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **200.000** | **10.845** | **300.623** | **150,31%** | **2772,00%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Гр. Ск. | 200.000 | 10.845 | 197.117 | 98,56% | 1817,58% |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 0 | 0 | 103.506 | 0,00% | 0,00% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **7.480.000** | **2.022.089** | **1.335.463** | **17,85%** | **66,04%** |
| 5 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.500.000** | **481.915** | **573.335** | **38,22%** | **118,97%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 1.500.000 | 481.915 | 573.335 | 38,22% | 118,97% |
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **500.000** | **185.000** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 500.000 | 185.000 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 723914 | Приходи од закупн.на општествен имот | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **480.000** | **110.471** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 480.000 | 110.471 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **5.000.000** | **1.244.703** | **762.128** | **15,24%** | **61,23%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 5.000.000 | 1.244.703 | 762.128 | 15,24% | 61,23% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **162.180.000** | **27.653.777** | **21.869.964** | **13,48%** | **79,08%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **162.180.000** | **27.653.777** | **21.869.964** | **13,48%** | **79,08%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште на Р.М. | 1.000.000 | 15.591 | 15.591 | 1,56% | 100,00% |
| | 733119 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основа на простор) | 400.000 | 155.688 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 733120 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основа на експлоатирана минерална суровина) | 1.500.000 | 353.254 | 309.597 | 20,64% | 87,64% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 0 | 0 | 833.640 | 0,00% | 0,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 66.300.000 | 1.967.240 | 1.444.674 | 2,18% | 73,44% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 92.980.000 | 25.162.004 | 19.266.462 | 20,72% | 76,57% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **49.550.000** | **15.113.321** | **25.536.176** | **51,54%** | **168,96%** |
| 10 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **49.550.000** | **15.113.321** | **25.536.176** | **51,54%** | **168,96%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 2.150.000 | 0 | 6.180.831 | 287,48% | 0,00% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 6.500.000 | 1.900.000 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 5.583.651 | 10.707.905 | 0,00% | 191,77% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 20.800.000 | 7.629.670 | 8.647.440 | 41,57% | 113,34% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 20.100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **351.000.000** | **157.699.310** | **164.724.500** | **46,93%** | **104,45%** |
| 11 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **351.000.000** | **157.699.310** | **164.724.500** | **46,93%** | **104,45%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од образованието | 277.000.000 | 127.566.000 | 132.800.000 | 47,94% | 104,10% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од соц. заштита | 74.000.000 | 30.133.310 | 31.924.500 | 0,00% | 105,94% |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **4.360.000** | **1.010.241** | **353.376** | **8,10%** | **34,98%** |
| 12 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **1.010.241** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 1.010.241 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741117 | Наменска донација | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 13 | **742** | **Донации од странство** | **860.000** | **0** | **61.376** | **7,14%** | **0,00%** |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 860.000 | 0 | 61.376 | 7,14% | 0,00% |
| 14 | **743** | **Капитални донации** | **2.400.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | Капитални донации | 2.400.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 15 | **744** | **Тековни донации** | **1.100.000** | **0** | **292.000** | **26,55%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 1.100.000 | 0 | 292.000 | 26,55% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **62.000.000** | **18.046.193** | **16.517.018** | **26,64%** | **91,53%** |
| 16 | **723** | **Такси и надоместоци** | **62.000.000** | **18.046.193** | **16.517.018** | **26,64%** | **91,53%** |
| | 723116 | Надоместоци за оброци во училишта, градинки и други институции | 62.000.000 | 18.046.193 | 16.517.018 | 26,64% | 91,53% |
| | | **ВКУНПО ПРИЛИВ ОД КРЕДИТИ** | **70.600.000** | **0** | **19.591.546** | **27,75%** | **0,00%** |
| 17 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **70.600.000** | **0** | **19.591.546** | **27,75%** | **0,00%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 70.600.000 | 0 | 19.591.546 | 27,75% | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-јуни 2014 година се остварени во износ од **130.296.347,00** денари или 27,54% што претставува повисоко остварување во однос на истиот период во 2013 година за 28,59%.

- Повисоко остварување на приходите во однос на планираните бележиме кај :

- Приходите од **даноците на имот**, кои се остварени во износ од **36.326.657,00** денари, и индекс од 60,34% во однос на планираните 60.200.000,00 денари, во Буџетот за 2014 година, од кои споредбено со истиот период од предходната фискална година, бележиме *повисока наплата од 67,96%*. Поголемо остварување споредбено со 2013 година, имаме кај данокот на имот (физички лица) за 4,29%, данокот на имот (правни лица) за 55,48%, данокот на наследство и подарок за 9,83%, данокот на промет на недвижности за 139,01%, како и кај данокот на промет на недвижности по повисока стапка за 134,71%, што е резултат на континуираните активности кои се превземаат од страна на Општина Гази Баба и на Град Скопје за подобрување на даночната база и на наплатата.

- Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност** изнесуваат **300.623,00** денари или 150,31% во однос планираните 200.000,00 денари за 2014 година.

- **Трансфери од други нивоа на власт** со индекс од 51,54% односно **25.536.176,00** денари.

- Останатите приходи ги бележат следниве остварувања:

- Приходите од **данокот на доход од добивка и од капитални добивки**, се остварени во износ од **6.098.718,00** денари, со индекс од 44,48% во однос на планираните за 2014 година, кои изнесуваат 13.710.000,00 денари. Споредбено со истиот период од 2013 година, постои *зголемување од 5,43%.*

- Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **38.828.746,00** денари, или 21,60% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2014 година, кои по овој основ се планирани 179.780.000,00 денари, во чии рамки спаѓаат:

  - *Приходите од комунална такса за улично осветлување*, со индекс од 37,52% или 16.322.330,00 денари,

  - *Приходите од комунални такси за истакнување на реклами и фирмарина*, со индекс од 50,33% или 5.033.145,00 денари во однос на планираните 10.000.000 денари за 2014 година,

  - *Приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште*, во износ од 15.705.118,00 денари, односно со индекс од 12,87%, кој во однос на предходната година е зголемен за 148,68%, и

  - *Комунална такса за користење на улици* во износ од 1.724.016,00 денари односно 51,01% во однос на планот.

  - *Комунална такса за користење на простор пред деловен простор за вршење на дејност* во износ од 41.298,00 денари односно 5,16% во однос на планот.

- Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **573.335,00** денари или 38,22% во однос планираните 1.500.000,00 денари за 2014 година.

- Кај приходите од **такси и надоместоци** и приходите од **други владини услуги** не се бележи остварување во рамки на вториот квартал за 2014 година.

- Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **762.128,00** денари односно 15,24 % во однос на планираните 5.000.000 денари.

  - Капиталните приходи односно приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** се остварени во износ од **21.869.964,00** денари со

индекс од 13,48% во однос на планираните 162.180.000,00 денари за 2014 година, и бележат намалување од 20,92% во однос на истиот период од предходната година.

Во рамки на *капиталните приходи* како позначајни ставки може да ги издвоиме:

- *Приходите од надоместок за утврдување на статусот на бесправно изградените објекти*, каде што бележиме приход од 19.266.462,00 денари односно 20,72**%** во однос на планот или 23,43% намалување во приходите во однос на истиот период од предходната година.
- *Приходите од продажба на државното неизградено земјиште*, во рамките на општината, пак, бележи остварување во износ од 1.444.674,00 денари, или 2,18% во однос на планот кој изнесува 66.300.00,00 денари или 26,56% помалку во истиот период од 2013 година.

За периодот јануари-јуни 2014 година во делот на **наменските блок дотации** за финансирање на основните училишта и детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **164.724.500,00** денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од 46,93% во однос на планираните за 2014 година.

Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување од **353.376,00** денари или 8.10% во однос на планот.

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, кои се дополнителни приходи на буџетските корисници за финансирање на основните активности, дефинирани со закон, бележиме остварување во износ од 16.517.018,00 денари или 26,64% во однос на планираните.

Кај **Приливот од кредити** бележиме остварување во износ од 19.591.546,00 денари или 27,75% во однос на планираните 70.600.000,00 денари.

Средствата од кредитот се наменети за финансирање на расходите предвидени со развојната програма, имплемантирана во Буџетот за 2014 година, со која се предвидува користење на кредитот од Светската банка реализиран преку Министерство за финансии на Р. Македонија, за изградба на нова зграда на О.У.,, Григор Прличев,, и претставува надополнување на приходите за покривање на дефицитот, финансиран од приливи од домашен заем.

## II - РАСХОДИ

За периодот јануари-јуни 2014 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **315.029.816,00** денари или **32,78%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2014 година, кои изнесуваат **961.060.000,00** денари, што представува повисоко остварување во однос на истиот период 2013 година за **15,16%**.

Планираните расходи со Буџетот за 2014 година, извршените расходи за периодот јануари-јуни 2014 година, и извршените расходи за истиот период за 2013 година, кои се класифицирани по одделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба, може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Програма | Програма / Ставка | 2014 година | II - Кватрал 2013 година | II - Кватрал 2014 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општината | 7.750.000 | 2.845.033 | 2.868.552 | 37,01% | 100,83% |
| 2 | Д0 | Градоначалник | 6.930.000 | 1.951.735 | 2.039.741 | 29,43% | 104,51% |
| 3 | Е0 | Општинска администрација | 88.530.000 | 31.346.582 | 35.264.521 | 39,83% | 112,50% |
| 4 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 8.500.000 | 2.311.926 | 1.033.776 | 12,16% | 44,71% |
| 5 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 18.000.000 | 1.187.534 | 2.523.817 | 14,02% | 212,53% |
| 6 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 2.000.000 | 0 | 21.700 | 1,09% | 0,00% |
| 7 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 124.000.000 | 24.267.660 | 36.025.604 | 29,05% | 148,45% |
| 8 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 6.780.000 | 535.540 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 9 | Ј3 | Јавно осветлување | 43.500.000 | 14.185.549 | 20.312.556 | 46,70% | 143,19% |
| 10 | Ј4 | Јавна чистота | 5.700.000 | 6.126.508 | 2.733.824 | 47,96% | 44,62% |
| 11 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 5.700.000 | 1.833.700 | 1.085.320 | 19,04% | 59,19% |
| 12 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 310.000 | 2.660 | 16.200 | 5,23% | 609,02% |
| 13 | Ј8 | Други комунални услуги | 7.800.000 | 0 | 3.787.239 | 48,55% | 0,00% |
| 14 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 32.500.000 | 12.478.526 | 11.689.810 | 35,97% | 93,68% |
| 15 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални улици и патишта | 7.800.000 | 525.016 | 300.000 | 3,85% | 57,14% |
| 16 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 63.000.000 | 0 | 5.526.780 | 8,77% | 0,00% |
| 17 | ЈН | Урбана опрема | 3.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 18 | К4 | Културни манифестации и творештво | 5.450.000 | 825.858 | 779.663 | 14,31% | 94,41% |
| 19 | КА | Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) | 7.400.000 | 175.216 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 20 | Л0 | Спорт и рекреација | 3.090.000 | 727.140 | 965.967 | 31,26% | 132,84% |
| 21 | ЛА | Спорт и рекреација (капит. трошоци) | 15.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 22 | НА | Образование (капитални трошоци) | 1.150.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 23 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 4.000.000 | 0 | 3.308.799 | 82,72% | 0,00% |
| 24 | П1 | Заштита на животната средина и природата | 2.050.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 25 | Њ1 | Противпожарна заштита | 930.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 26 | Н1 | Основно образование | 40.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 27 | В1 | Детски градинки | 2.190.000 | 0 | 12.478 | 0,57% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **473.100.000** | **101.326.183** | **130.296.347** | **27,54%** | **128,59%** |
| 28 | Н1 | Основно образование | 277.000.000 | 125.807.056 | 119.441.336 | 43,12% | 94,94% |
| 29 | В1 | Детски градинки | 74.000.000 | 31.108.908 | 30.515.452 | 41,24% | 98,09% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **351.000.000** | **156.915.964** | **149.956.788** | **42,72%** | **95,57%** |
| 30 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 2.400.000 | 238.056 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 31 | Н1 | Основно образование | 900.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 32 | В1 | Детски градинки | 200.000 | 39.566 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 33 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 0 | 345.514 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 34 | ФД | Уредување на простор во рурални подрраčја | 0 | 387.105 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 122 | **420** | **420 - патни и дневни расходи** | 230.000 | 20.835 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 123 | **421** | **421 - комуналии** | 5.000.000 | 2.095.496 | 2.188.269 | **43,77%** | **104,43%** |
| 124 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 16.400.000 | 6.218.838 | 7.708.537 | **47,00%** | **123,95%** |
| 125 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | 3.530.000 | 910.454 | 549.623 | **15,57%** | **60,37%** |
| 126 | **425** | **Договорни услуги** | 1.540.000 | 411.722 | 207.457 | **13,47%** | **50,39%** |
| 127 | **426** | **Други тековни расходи** | 500.000 | 150.340 | 251.108 | **50,22%** | **167,03%** |
| 128 | **480** | **Купување на опрема и машини** | 580.000 | 200.010 | 96.994 | **16,72%** | **48,49%** |
| 129 | **483** | **Купување на мебел** | 150.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 130 | **486** | **Купување на возила** | 1.650.000 | 0 | 1.034.763 | **62,71%** | **0,00%** |
| | | **ВКУНПО РАСХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **70.600.000** | **0** | **19.591.546** | **27,75%** | **0,00%** |
| | **НА** | Основно образование (капитални трошоци) | **70.600.000** | **0** | **19.591.546** | **27,75%** | **0,00%** |
| 131 | 481 | **Градежни објекти** | **70.600.000** | **0** | **19.591.546** | **27,75%** | **0,00%** |
| | 481120 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 70.600.000 | 0 | 19.591.546 | 27,75% | 0,00% |

За финансирање на **Програмата на Советот на Општината,** планирани се расходи во висина од 7.750.000,00 денари. Во периодот јануари-јуни 2014 година се потрошени вкупно **2.868.552,00** денари или 37,01% во однос на планот. Од овие средства најголем дел беа искористени за исплата на:

- надоместоци на советниците во износ од 2.426.160,00 денари или 46,21% во оснос на планот,
- персонален данок на исплатениот надоместок на советниците во вкупен износ од 273.281,00 денари односно со 42,04% во однос на планираните,
- постојани резерви во износ од 111.111,00 денари или 37,04%,
- тековни резерви во износ од 24.000,00 денари или 3,43% и

– трошоци за репрезентација и други оперативни расходи во износ од 34.000,00 денари односно со 13,60% во однос на планираните.

Расходите кои во периодот јануари-јуни 2014 година беа извршени за финансирање на активностите на **Програмата на Градоначалникот** во износ од **2.039.741,00** денари, во однос на планираните средства во висина од 6.930.000,00 денари, со индекс од 29,43%. Во делот на расходите за репрезентација кои се со индекс од 34,71%, најголемиот дел се однесуваат на средствата потрошени за реализација на разни програмски културни и спортски манифестации, како и за набавка на награди и признанија кои беа доделени на манифестациите организирани и одржани во Општината за периодот јануари-јуни 2014 година. Како позначајни расходи во рамките на оваа програма може да ги издвоиме и расходите за трансфери при пензионирање на вработените во основните училишта и детските градинки со реализација од 464.980,00 денари или 38,75% во однос на планот и расходите од доделување на еднократна парична помош на, како и помош во натура на жители на општината во износ од 572.500,00 денари или 38,17% во однос на планот. Останатите видови на расходи во овој период се извршени пониско од планираното извршување, а кај дел од планираните трошоци воопшто немаме извршување.

Расходите за финансирање на **Програмата за Општинската администрација** за периодот јануари-јуни 2014 година се извршени во износ од **35.264.521,00** денари и истите се остварени со индекс од 39,83% во однос на предвидените со Буџетот за 2014 година, кои изнесуваа 88.530.000,00 денари. Повисоко извршување во однос на планираните бележат расходите за:

- други трошоци за комуникација во износ од 63.126,00 денари односно 63,13%,
- средства за одржување на хигиена во износ од 108.514,00 денари односно 108,51%,
- транспорт на луѓе во износ од 382.833,00 денари односно 47,85%,
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација во износ од 47.358,00 денари или 63,13%,
- изнајмување на друг тип простор во износ од 375.680,00 денари односно 53,67%,
- услуги за копирање, печатење и издавање, во износ од 1.097.547,00 денари или 54,88%,
- други договорни услуги во износ од 1.518.206,00 денари односно 58,39%,
- расходи за репрезентација во износ од 819.046,00 денари односно 91,01%,
- трансфери до политички партии во износ од 67.290,00 денари односно 67,29%,
- стипендии за студенти во износ од 132.000,00 денари односно 66,00%.

Во **Програмата на капиталните трошоци на општината** за периодот јануари-јуни 2014 година, реализирани се расходи во вкупен износ од **1.033.776,00** денари, кои во однос на планираните се остварени со индекс од 12,16%, и се однесуваат на расходите за:

- купување на информатичка и видео опрема кои се реализирани во износ од 816.782,00 денари со индекс од 40,84% во однос на планираните,
- купување на опрема за греење и климатизација во износ од 37.000,00 денари со индекс од 37,00% во однос на планираните,
- купување на друга опрема во износ од 8.388,00 денари односно 4,19%,
- купување на канцелариски мебел во износ од 73.130,00 денари со индекс од 14,63% во однос на планираните.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** (Ф1, Ф2, ФА и ФД) за периодот јануари-јуни 2014 година, се потрошени вкупно **38.571.121,00** денари или 26,79% во однос на планираните за 2014 година кои изнесува 144.000.000,00 денари. Споредбено со истиод период од предходната фискална година имаме зголемување на трошењето кај оваа програма за 51,53%. Во рамките на оваа програма реализирани се следниве трошења по подпрограми:

- Урбанистичко планирање со реализација од 2.523.817,00 денари со индекс од 14,02% во однос на планираните,
- Уредување на градежно земјиште со реализација од 21.700,00 денари со индекс од 1,09% во однос на планираните,
- Уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции), со реализирани расходи во износ од 36.025.604,00 денари односно со индекс од 29,05% во однос на планираните. Капиталните инвестиции од страна на Општина Гази Баба во овој период бележат зголемување за 48,45% во однос на истиот во 2013 година.

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-јуни 2014 година, се во износ од вкупно **41.664.490,00** денари или со индекс од 24,61% во однос на планот за 2014 година, кој изнесува 169.310.000,00 денарии бележи зголемување од 18,53% споредбено со истиот период од 2013 година. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

- Јавно осветлување се извршени расходи во износ од 20.312.556,00 денари со индекс од 46,70%;
- Јавна чистота се извршени расходи во износ од 2.733.824,00 денари со индекс од 47,96%;
- Одржување и користење на зеленило се извршени расходи во износ од 16.200,00 денари со индекс од 5,23%,
- Одржување и заштита на локалните патишта се извршени расходи во износ од 1.085.320,00 денари со индекс од 19,04%;
- Изградба на јавно осветлување се извршени расходи во износ од 11.689.810,00 денари со индекс од 35,97%;
- Изградба и реконструкција на локални се извршени расходи во износ од 300.000,00 денари со индекс од 3,85%;
- Други комунални услуги се извршени расходи во износ од 3.787.239,00 денари со индекс од 48,55%;
- Подпрограмата Изградба на системи за отпадни води се извршени расходи во износ од 5.526.780,00 денари со индекс од 8,77%;
- Потпрограмата Урбана опрема нема трошењето на средствата во овој извештаен период.

Расходите извршени за **Програмата за култура** за периодот јануари-јуни2014 година бележат извршување во износ од вкупно **779.663,00** денари односно со индекс од 6,07% во однос на планот за 2014 година кој изнесува 12.850.000,00 денари. Кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво има трошење во износ од 779.663,00 денари или 14,31% во однос на планираните, додека кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) немаме трошења.

Кај **Програмата Спорт и рекреација** се извршени расходи во износ од **965.967,00** денари со индекс од 5,34% во однос на планираните 18.090.000,00 денари. Кај подпрограмата Л0 имаме реализација од 31,26% или 965.967,00 денари во однос на

планираните 3.090.000,00 денари, додека кај Потпрограмата Спорт и рекреација (капитални трошоци) немаме трошења.

Кај Програмата В – Социјална заштита и заштита на деца, во рамките на основниот буџет, се бележи реализација од 3.321.277,00 денари и истите во најголем дел се однесуваат на Подпрограмата за Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) со реализација од 3.308.799,00 денари односно 82,72% во однос на планот.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за периодот јануари-јуни 2014 година, може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите, за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки, реализираа расходи во вкупен износ од **149.956.788,00** денари, односно 42,72% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај буџетските корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од 119.441.336,00 денари, односно 43,12% од планираните расходи, а кај детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од 30.515.452,00 денари, односно со индекс од 41,24%.

Кај **расходите од донации** во вториот квартал на 2014 година немаме трошење.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од 15.185.135,00 денари или 24,49% во однос на планираните 62.000.000,00 денари.

Кај **расходите од кредити** се реализирани расходи во вкупен износ од 19.591.546,00 денари, односно 27,75% од планираните расходи.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-јуни 2014 година, може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

Во прилог на оваа информација се дава и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-јуни 2014 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Решението за изменување на решението за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/6**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12 и 38/14) член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Во решението за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/13 и 6/13), се врши следното изменување:

**II. МЕСНА КАНЦЕЛАРИЈА - МАЏАРИ**

- "НЕВЕНКА СТАМЕНКОВСКА" се заменува со:

- "ИВИЦА ПЕТРОВСКИ".

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/8**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА НАЧИНОТ НА ГРАДЕЊЕ, ВО СЕЛО ЦРЕШЕВО - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОЕ НЕМА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење, во село Црешево - Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/7**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 78 став (5) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА НАЧИНОТ НА ГРАДЕЊЕ, ВО СЕЛО ЦРЕШЕВО - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОЕ НЕМА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

### Член 1

Општиот акт за село Црешево се изготвува согласно Програмата за изменување и дополнување на Програма за Урбано планирање "Ф" на подрачјето на Општина Гази Баба за 2014 година, бр.07-2289/28 од 30.05.2014 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/14).

### Член 2

Текстот на одлуката е утврдена од комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со решение број 08-2695/1 од 27.06.2014 година и за истата е добиена согласност од Министерството за транспорт и врски, бр.14 -11833/2 од 20.08.2014 година.

### Член 3

Одлуката за Општ акт за село Црешево е изготвена од правното лице "Иванов инженеринг"- Битола кое поседува лиценца (бр.0023) согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) .

### Член 4

Општиот акт за село содржи:

- текстуален дел:

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат
3. Опис на намени според дефинирани наменски зони
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
5. Начин на реалаизација на инфраструктурни водови и градби
6. Просторна организација и услови за градење во селско-стопански двор
7. Сообраќајни услови и поврзаност

- нумерички дел:

Билансни показатели, и

- графички прилози:

1. Пошироко опкружување на селото ........................................................ 1 : 10000
2. Извод од претходно изготвена планска документација........................... 1 : 2500
3. Катастарска подлога со граница на плански опфат.................................. 1 : 2500
4. Граница на плански опфат на селото, наменски зони и сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување ........................... 1 : 2500

### Член 5

Графичкиот прилог од Општиот акт е изработен на заверени дигитализирани катастарски планови.

**Член 6**

Со одлуката за Општ акт за село Црешево се утврдува граница на плански опфат на село со вкупна површина од 40,26ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на прекршни точки.

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

| | x | y |
|---|---|---|
| T1 | 542639,3830 | 656863,2190 |
| T2 | 542621,2020 | 656857,5530 |
| T3 | 542614,5610 | 656855,1520 |
| T4 | 542603,7940 | 656849,2120 |
| T5 | 542592,3510 | 656844,2550 |
| T6 | 542578,4950 | 656835,7640 |
| T7 | 542583,5050 | 656799,5310 |
| T8 | 542584,3240 | 656774,5450 |
| T9 | 542585,5200 | 656763,3170 |
| T10 | 542603,5550 | 656765,4580 |
| T11 | 542607,2210 | 656765,9380 |
| T12 | 542606,9550 | 656720,3520 |
| T13 | 542591,2540 | 656721,5210 |
| T14 | 542586,3360 | 656694,6920 |
| T15 | 542574,4520 | 656663,9350 |
| T16 | 542569,8270 | 656654,7320 |
| T17 | 542565,8180 | 656646,3850 |
| T18 | 542563,3890 | 656641,6950 |
| T19 | 542539,6890 | 656636,5580 |
| T20 | 542548,5670 | 656619,6370 |
| T21 | 542559,9200 | 656598,3750 |
| T22 | 542558,9910 | 656592,5450 |
| T23 | 542554,0240 | 656590,6840 |
| T24 | 542523,7940 | 656560,2030 |
| T25 | 542519,5630 | 656556,3750 |
| T26 | 542505,1900 | 656541,0560 |
| T27 | 542473,2800 | 656506,9410 |
| T28 | 542506,5900 | 656476,3590 |
| T29 | 542532,2900 | 656457,3790 |
| T30 | 542517,3200 | 656442,8960 |
| T31 | 542507,4040 | 656420,2950 |

| | | |
|---|---|---|
| T32 | 542495,4340 | 656406,0050 |
| T33 | 542483,7700 | 656389,3000 |
| T34 | 542484,2162 | 656374,3460 |
| T35 | 542460,1860 | 656373,8240 |
| T36 | 542454,9212 | 656375,0870 |
| T37 | 542453,4290 | 656366,6030 |
| T38 | 542452,1088 | 656329,6976 |
| T39 | 542424,6900 | 656328,7180 |
| T40 | 542415,6670 | 656328,2700 |
| T41 | 542416,3590 | 656325,5340 |
| T42 | 542419,8960 | 656312,1840 |
| T43 | 542427,1650 | 656293,7710 |
| T44 | 542422,4800 | 656289,0230 |
| T45 | 542420,9120 | 656287,4720 |
| T46 | 542409,4090 | 656277,9100 |
| T47 | 542402,5680 | 656271,8180 |
| T48 | 542397,7600 | 656267,5360 |
| T49 | 542395,9110 | 656265,7050 |
| T50 | 542387,4400 | 656257,3150 |
| T51 | 542381,9070 | 656251,9930 |
| T52 | 542377,7130 | 656248,1910 |
| T53 | 542362,3340 | 656228,6320 |
| T54 | 542361,1600 | 656227,1260 |
| T55 | 542359,4280 | 656224,8340 |
| T56 | 542353,9580 | 656217,5240 |
| T57 | 542352,7220 | 656215,8540 |
| T58 | 542343,5850 | 656200,6840 |
| T59 | 542337,2940 | 656196,5290 |
| T60 | 542309,9590 | 656168,7990 |
| T61 | 542293,6880 | 656152,2920 |
| T62 | 542282,0730 | 656140,5100 |
| T63 | 542308,7940 | 656123,5160 |
| T64 | 542401,9720 | 656069,2660 |
| T65 | 542418,4509 | 656059,6277 |
| T66 | 542401,3600 | 656043,5970 |
| T67 | 542427,2720 | 656034,1380 |
| T68 | 542459,9970 | 656022,0010 |
| T69 | 542463,1070 | 656032,0690 |
| T70 | 542505,1960 | 656023,3830 |
| T71 | 542523,0390 | 656017,4960 |
| T72 | 542553,0160 | 656007,7710 |
| T73 | 542578,0020 | 656001,2580 |
| T74 | 542604,5960 | 655992,1800 |
| T75 | 542621,7070 | 656004,7730 |
| T76 | 542643,6270 | 656013,8090 |
| T77 | 542698,1160 | 655981,0010 |
| T78 | 542712,5153 | 655976,4241 |
| T79 | 542712,7099 | 656004,6320 |
| T80 | 542748,8968 | 655988,8450 |
| T81 | 542859,1456 | 655950,6599 |
| T82 | 542885,1110 | 655959,2390 |

| | | |
|---|---|---|
| T83 | 542921,5802 | 655976,9780 |
| T84 | 542919,5680 | 655979,1820 |
| T85 | 542905,9580 | 655999,5630 |
| T86 | 542894,6020 | 656016,1000 |
| T87 | 542887,2730 | 656030,5530 |
| T88 | 542883,8990 | 656043,8120 |
| T89 | 542881,5530 | 656049,2920 |
| T90 | 542878,6030 | 656059,0710 |
| T91 | 542920,5160 | 656068,2400 |
| T92 | 542939,6560 | 656072,4270 |
| T93 | 542957,7210 | 656076,3790 |
| T94 | 542963,9920 | 656086,7610 |
| T95 | 542952,3630 | 656100,2150 |
| T96 | 542950,3710 | 656102,6750 |
| T97 | 542946,0700 | 656107,4960 |
| T98 | 542926,9920 | 656127,9070 |
| T99 | 542914,8100 | 656143,4910 |
| T100 | 542906,1320 | 656155,9950 |
| T101 | 542891,8140 | 656172,5120 |
| T102 | 542875,0180 | 656192,9620 |
| T103 | 542845,7560 | 656228,5660 |
| T104 | 542842,6770 | 656249,5630 |
| T105 | 542861,3200 | 656257,1980 |
| T106 | 542872,6880 | 656258,9900 |
| T107 | 542882,3880 | 656261,3320 |
| T108 | 542883,8540 | 656261,6850 |
| T109 | 542897,5220 | 656266,9580 |
| T110 | 542912,1210 | 656272,2560 |
| T111 | 542870,2980 | 656367,6230 |
| T112 | 542895,6750 | 656413,2230 |
| T113 | 542915,5900 | 656429,7420 |
| T114 | 542905,1360 | 656444,5560 |
| T115 | 542890,7610 | 656463,2640 |
| T116 | 542895,8600 | 656466,0080 |
| T117 | 542916,5000 | 656480,7110 |
| T118 | 542919,7160 | 656483,0020 |
| T119 | 542933,9080 | 656490,5890 |
| T120 | 542940,6200 | 656493,8440 |
| T121 | 542955,7360 | 656500,3270 |
| T122 | 542916,1920 | 656571,8360 |
| T123 | 542931,5670 | 656582,1210 |
| T124 | 542954,0130 | 656584,8950 |
| T125 | 542954,0710 | 656587,2800 |
| T126 | 542947,5470 | 656606,5350 |
| T127 | 542930,6180 | 656627,8510 |
| T128 | 542929,4690 | 656638,7490 |
| T129 | 542929,4010 | 656639,3880 |
| T130 | 542926,3930 | 656646,8700 |
| T131 | 542924,3120 | 656648,8920 |
| T132 | 542921,4280 | 656654,4450 |
| T133 | 542921,6700 | 656659,1390 |

| | | |
|---|---|---|
| T134 | 542919,8560 | 656666,0530 |
| T135 | 542915,9690 | 656674,6960 |
| T136 | 542905,5670 | 656713,1440 |
| T137 | 542906,7750 | 656725,2170 |
| T138 | 542913,8070 | 656734,9620 |
| T139 | 542901,5460 | 656750,3390 |
| T140 | 542911,1310 | 656769,7770 |
| T141 | 542887,0600 | 656790,6410 |
| T142 | 542891,3770 | 656797,4610 |
| T143 | 542892,5870 | 656805,5850 |
| T144 | 542893,8820 | 656811,0300 |
| T145 | 542903,9490 | 656828,6550 |
| T146 | 542914,0150 | 656827,9110 |
| T147 | 542913,3730 | 656832,5900 |
| T148 | 542909,2110 | 656846,4910 |
| T149 | 542890,2040 | 656847,1180 |
| T150 | 542880,2480 | 656852,0190 |
| T151 | 542880,9390 | 656859,6250 |
| T152 | 542888,0190 | 656863,2490 |
| T153 | 542906,5030 | 656858,4950 |
| T154 | 542922,1210 | 656863,3370 |
| T155 | 542922,7160 | 656878,6720 |
| T156 | 542919,0780 | 656889,0250 |
| T157 | 542916,8880 | 656901,8210 |
| T158 | 542926,8380 | 656915,7250 |
| T159 | 542923,3560 | 656919,0410 |
| T160 | 542921,2830 | 656922,5850 |
| T161 | 542913,8230 | 656921,5610 |
| T162 | 542902,9400 | 656919,1410 |
| T163 | 542894,3030 | 656919,4000 |
| T164 | 542884,0390 | 656921,5610 |
| T165 | 542876,6130 | 656920,7630 |
| T166 | 542870,7580 | 656918,1980 |
| T167 | 542863,0920 | 656918,4780 |
| T168 | 542848,4540 | 656919,1330 |
| T169 | 542842,2280 | 656916,8440 |
| T170 | 542838,9135 | 656910,7631 |
| T171 | 542832,7130 | 656911,0390 |
| T172 | 542829,5760 | 656914,7560 |
| T173 | 542827,5950 | 656938,6970 |
| T174 | 542826,2860 | 656962,8080 |
| T175 | 542805,8020 | 656957,0390 |
| T176 | 542793,5580 | 656956,3670 |
| T177 | 542796,7740 | 656969,9680 |
| T178 | 542797,9290 | 656973,6840 |
| T179 | 542793,8040 | 656991,0070 |
| T180 | 542782,4970 | 656985,8040 |
| T181 | 542770,8290 | 656983,1400 |
| T182 | 542720,9840 | 656986,5100 |
| T183 | 542725,8150 | 656946,9750 |
| T184 | 542711,8760 | 656955,0010 |

| | | |
|---|---|---|
| Т185 | 542706,7420 | 656973,3550 |
| Т186 | 542704,7160 | 656989,7450 |
| Т187 | 542705,3770 | 657008,4920 |
| Т188 | 542679,6090 | 657001,2510 |
| Т189 | 542660,7610 | 656989,1230 |
| Т190 | 542645,2070 | 656977,4900 |
| Т191 | 542633,2580 | 656950,7860 |
| Т192 | 542610,0895 | 656945,8213 |
| Т193 | 542616,3400 | 656931,2260 |
| Т194 | 542615,4470 | 656926,0210 |
| Т195 | 542626,9730 | 656903,3690 |
| Т196 | 542629,6560 | 656898,2400 |
| Т197 | 542635,3140 | 656888,5640 |
| Т198 | 542637,0460 | 656881,2240 |
| Т199 | 542638,6360 | 656870,8470 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т1 до Т199, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.

**Член 7**

Со Општиот акт се утврдувааат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поодделно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Во рамки на планскиот опфат на село Црешево се утврдени повеќе групи на класи на намени:

А - Домување, односно класите на намени:
А0 - домување во станбени куќи со посебен режим;
А1 - домување во станбени куќи со дворови и домување во станбени куќи во селско - стопански двор;
А2 - домување во станбени згради;
А3 - групно домување

В - Јавни институции, односно класите на намени:
В2 - здравство и социјална заштита;
В3 - култура;
В4 - државни институции;
В5 - верски институции.

Д - Зеленило и рекреација, односно класите на намени:
Д2 - заштитно зеленило;
Д4 - меморијални простори.

Е - Инфраструктура, односно класите на намени:
Е1 - комунална инфраструктура
(сообраќајни површини и површини под вода - реки и канали);

**Член 8**

Со одлуката за Општ акт за село Црешево се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

Со одлуката за Општ акт за село Црешево се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до градежната парцела, а поради специфичноста на теренот на с.Црешево, инвеститорот е должен сам да си обезбеди колски или пешачки пристап.

**Член 9**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

**Член 10**

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност треба да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.37/14).

**Член 11**

Со одлуката за Општ акт за село Црешево се дефинира просторна организација и условите за градење во селско-стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи - селско-стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско-стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

**Член 12**

Со одлуката за Општ акт за село Црешево се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби.

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможува да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена А - домување и В - јавни институции.

Проектот за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 13**

Општиот акт за село содржи табели со Билансни показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето - наменските зони.

**Член 14**

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

**Член 15**

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука, по нејзиното донесување, се заверува од Градоначалникот на Општина Гази Баба и во електронска форма се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Член 16**

Одредбите на оваа одлука се применуваат до донесување на Урбанистички план за село.

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/9**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА, ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ПРАВОСЛАВЕН ХРАМ**

1. Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот - Македонска православна црква - Охридска архиепископија, од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште, за изградба на православен храм, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/8**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14 и 115/14), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на инвеститорот МПЦ-ОА за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм, бр.08-2883/1 од 15.07.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА, ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ПРАВОСЛАВЕН ХРАМ

### Член 1

Се усвојува барањето на инвеститорот МПЦ-ОА за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм, бр.08-2883/1 од 15.07.2014 година.

Инвеститорот се ослободува од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на православен храм "Св.ЛИДИЈА МАКЕДОНСКА" на КП 4312/2 КО Сингелиќ - 1 во н.м Чento, и тоа во висина од 100% од делот што и припаѓа на Општина Гази Баба, по основ на уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/10**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-489 ЗА КП 2158 КО МАЏАРИ

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-489 за КП 2158 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/9**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-489 ЗА КП 2158 КО МАЏАРИ

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење, со УП1 бр.28-489 од 15.03.2011 година од страна на Ѓорѓи Маневски од Скопје, а се однесува на објект зграда број 1 со намена А1-семејна куќа и објект зграда број 2 со намена ПО-помошен објект кои се наоѓаат на КП 2158 КО Маџари, ул. "Никола Киров Мајски" бр.24 А Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека не може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планска документација, заради вклопување на бесправно изградените објекти, согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со Детален урбанистички план за УРБАН БЛОК 2 - МАЏАРИ 1 МЗ ХИПОДРОМ, усвоен од Советот на Општина Гази Баба со Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.12/04).

### Член 2

Не се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, нема да се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/11**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-716 ЗА КП 3641 КО СИНГЕЛИЌ - 1

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-716 за КП 3641 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/10**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-716 ЗА КП 3641 КО СИНГЕЛИЌ - 1

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење, со УП1 бр.28-716 од 17.03.2011 година од страна на ТД МТМ Елпида ДОО Скопје, а се однесува на објект зграда број 6 со намена ПО-помошен објект-магацин, кој се наоѓа на КП 3641 КО Сингелиќ-1, ул. "Антон Попов" бр.92 А Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека не може да се изврши поместување на станбената улица со паркинг простор во урбанистичко-планска документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со Детален урбанистички план за МЗ КРСТЕ МИСИРКОВ, усвоен од Собрание на Град Скопје со Одлука бр.08-1803 од 12.08.1996 година.

### Член 2

Не се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, нема да се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/12**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-912 ЗА КП 1630/1 КО МАЏАРИ**

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-912 за КП 1630/1 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3241/11**
**од 26.08.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесеттата седница одржана на ден 25.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-912 ЗА КП 1630/1 КО МАЏАРИ

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење, со УП1 бр.28-912 од 22.03.2011 година од страна на Галевски Благоје од Скопје, а се однесува на објект зграда бр.3 и зграда бр.4 со намена ПО-помошни објекти кои се наоѓаат на КП 1630/1 КО Маџари ул."Жан Жорес" бр.67, Советот на Општина Гази Баба констатира дека не може да се изврши промена на намената на планираната јавна површина во урбанистичко- планска документација, согласно член 2 став (1) алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Бесправниот објект е изграден на земјиште на кое е планирана јавна површина, предвидена со Детален урбанистички план за МЗ.Маџари 1 Урбан блок I, усвоен од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр.07-881/9 од 02.11.2004 година.

### Член 2

Не се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, нема да се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3147/13**
**од 25.08.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

